Врз основа на член 7 став (1) точка 5) и точка 16), член 25 став (7) точка 30) од Статутот на ИОРРСМ, а во врска со член 19 став (1) точка 4), 5) и 15) и член 29 од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), и Одлука за измена и дополнување на Правилник за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство бр. 0202-367/13 од 12.07.2024 година, на која Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија даде согласност со одлука од 09.08.2024 година, Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 29.08.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ДОБИВАЊЕ УВЕРЕНИЕ РЕВИЗОР ЗА ЛИЦА КОИ ПОСЕДУВААТ КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА РЕВИЗОР СТЕКНАТА ВО СТРАНСТВО

**(пречистен текст)**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Правилник за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство (во понатамошниот текст: Правилник), се уредува начинот и постапката за добивање уверение ревизор за лица кои стекнале квалификации за ревизор во странство, издадени од надлежен орган или институција во согласност со законодавството на странската држава.

(2) Уверението од став 1 на овој член, го издава Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот), по спроведена постапка во која се утврдува усогласеноста на квалификацијата за ревизор стекната во странство со условите за стекнување звање ревизор уредени со Законот за ревизија.

(3) Постапката за признавање на квалификацијата ревизор стекната во странство што ја спроведува Институтот во согласност со овој Правилник, ја следи Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

### Член 2

(1) Основна цел на постапката за признавање на квалификацијата ревизор стекната во странство е да се обезбеди дека ревизорите ги поседуваат соодветните вештини и знаење, за да бидат исполнети потребите на јавноста и да се поддржи прием на компетентни ревизори, според стандарди што не се пониски од стандардите што се бараат со Законот за ревизија.

**Член 3**

(1) Институтот ја покренува постапката предвидена во член 1 на овој Правилник доколку: 1) Уверението за професионалното звање - ревизор стекнато во странство е компатибилно со домицилното законодавство; и

(2) Комисијата за образование, обука и публикации, може веродостојно да утврди дека полагањето на испитот за стекнување на звањето ревизор е спроведено според програма која одговара на програмата за полагање на испитот која ја пропишува Институтот.

**НАЧИН И ПОСТАПКА**

**Член 4**

(1) Лицето кое стекнало квалификација за ревизор според прописите на странска земја, треба да достави барање за признавање на квалификацијата во Република Северна Македонија до Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори (во понатамошниот текст: Комисијата). Во прилог на барањето се доставуваат следните документи:

1) копија од важечки документ за лична идентификација;

2) уверение за професионално звање - ревизор стекнато во странство, добиено од надлежен орган или институција во странската држава со статус на полноправна членка на IFAC;

3) програма според која кандидатот го положил испитот за стекнување на звањето ревизор;

4) диплома за завршено четиригодишно високо образование VII/1 или според Болоњската декларација да има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) нострифицирана во Р.М. (доколку е стекната во странство), од областа на економските, правните науки, или друго соодветно образование;

5) потврда од надлежен орган дека лицето - барател не е осудувано со правосилна судска пресуда во врска со работењето не постара од шест месеци;

6) потврда од надлежен орган дека на барателот не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност не постара од шест месеци;

7) уверение за македонско државјанство; и

8) потврда за познавање на македонскиот јазик издадена од релевантна институција со степен C2 – за кандидатите кои што средното и високото образование не го завршиле на македонски јазик (документ кој што го издаваат високообразовни или други надлежни правни лица за таа намена).

9) други релевантни документи по барање на Комисијата.

(2) Наведените документи се доставуваат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач и заверени на нотар.

(3) По потреба, во постапката на евалуација на документите наведени погоре, Комисијата може да го повика барателот на состанок што се води на македонски јазик.

**Член 5**

(1) Комисијата за барателите кои ги исполнуваат условите согласно член 4 од овој Правилник, бара мислење од Комисијата за образование, обука и публикации за веродостојноста на програмата, согласно член 3 точка 2 од овој Правилник.

(2) Доколку Комисијата врз основа на добиеното мислење од Комисијата за образование, обука и публикации, утврди дека постојат услови за верификација на квалификацијата ревизор стекната во странство, го известува Управниот одбор за понатамошна постапка.

(3) Управниот одбор врз основа на добиеното известување од Комисијата носи одлука дека на кандидатот му се признаваат седум испити, односно:

- Финансиско сметководство
- Управувачко сметководство
- Ревизија 1
- Ревизија 2
- Финансиско известување
- Управување со финансии
- Корпоративно управување и етика

Управниот одбор одлуката ја доставува до барателот и до Комисијата.

(4) За признавање на испитите наведени во став (3) кандидатот плаќа надоместок утврден согласно Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатива Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Тарифник). Рокот за плаќање на надоместокот за испитите е 30 дена од добивањето на одлуката.

(5) По добивање на одлуката од Управниот одбор, а по уредно извршено плаќање на надоместокот наведен погоре, Комисијата го известува барателот дека може да го пријави полагањето на испитот од областа на законската регулатива на Република Северна Македонија. Истовремено, Комисијата ја известува Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за истото.

**Член 6**

(1) По добиениот извештај од Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор, за положен испит од областа на законска регулатива во Република Северна Македонија, Комисијата дава предлог до Управниот одбор за издавање на уверение за ревизор.

(2) Сите ревизори кои ќе се стекнат со уверение за ревизор во согласност со овој Правилник, понатаму подлежат на одредбите согласно Законот за ревизија, Статутот и интерните акти на Институтот.

**Член 7**

(1) Доколку Комисијата утврди дека не постојат услови за верификација на квалификацијата за ревизор стекната во странство, согласно член 4 и 5 на овој Правилник, во својот извештај до Управниот одбор на Институтот ги наведува причините и предлага одбивање на барањето.

(2) Истовремено, Комисијата го известува барателот со поука за понатамошни дејствија.

(3) Против одлуката од ставот 1 на овој член е дозволена жалба до Институтот во рок од 8 дена од добивање на известувањето.

**Член 8**

(1) Овој Правилник стапува во сила со денот на негово усвојување од страна на Управниот одбор на Институтот на овластени ревизори на РМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

(2) Со стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение ревизор за лица кои поседуваат квалификација за ревизор стекната во странство усвоен од Управниот одбор на ИОРРСМ на 31.10.2012 година. Сите постапки кои што се отпочнати пред донесувањето на овој Правилник ќе се водат според Правилникот кој што бил во важност во периодот на отпочнување на постапката.

**Претседател на ИОРРСМ**
**Ненад Тортевски**